Извештај од анкети на тема

Пристап до правда во Северна Македонија

2022-2025

Др. Ристо Карајков

октомври 2025

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Содржина

1. Вовед и методологија 3
2. Дел 1. Резултати од анкета 2025 5
   2.1. Пристап до правда 5
   2.2. Постапување на институции 7
   2.3. Помош од страна на службениците во институциите 8
   2.4. Искуство со правен проблем 10
   2.5. Пристап до правда по категории на граѓани 13
   2.6. Перцепција за дискриминација 14
3. ДЕЛ 2. Споредба на анкетни резултати 2022 – 2025 18
4. Анекс 1. Дополнителни табели и графикони 27

1. Вовед и методологија

Извештајот што следи е втор во низата на анкетни извештаи на темата пристап до правда, изработени за потребите на Институтот за човекови права (ИЧП). Првиот таков извештај беше изработен во 2022. Вториот извештај произлегува од анкетата спроведена есента 2025, и воедно споредува дел од резултатите од 2025, со резултатите од 2022.

Првиот дел од овој извештај ги претставува резултатите од анкетата за пристап до правда спроведена во септември и октомври 2025 година.

Вториот дел од извештајот прави споредба на дел од клучните резултати од анкетата од 2022 со анкетата во 2025, и има формат на студија на тренд во почетна фаза. Би биле потребни уште неколку повторувања со редовна периодика (еднаш на 2-3 години) со цел да се добие одредена линија на тренд.

Анкетата спроведена во 2025 користеше идентична методологија со анкетата спроведена во 2022.
Анкетата беше спроведена телефонски, на репрезентативен примерок од 1.014 полнолетни испитаници, на стратифициран примерок по случаен избор. Првото ниво на стратификација се 8те плански региони. Второто ниво на стратификација се општините. Основната маргина на грешка е +/- 3% при ниво на доверба од 95%. Анкетата беше спроведена во периодот 20 септември – 5 октомври 2025.

Се врши анализа на влијанието на неколку основни независни варијабли (предиктори) вклучително пол, возраст, етничка припадност, степен на образование, место на живеење (град/село).

Статистичката анализа на податоците опфаќа проверка на статистичка значајност (significance level) и проверка на силина на врска или асоцијација (measure of association) помеѓу независните (предиктори) и зависните (излезни) варијабли.

Во извештајот се генерално вклучени табели и графикони за соодносите кои се утврдени како статистички значајни. Останатите споредби се понекогаш спомнати како незначајни, а понекогаш не се воопшто коментирани.

Притоа анализата ги опфаќа како минимум следните статистички методи: За споредба на поврзаноста на излезните варијабли со предикторите пол, возраст, етничка припадност, степен на образование, населено место, вршени се тестови за ниво на статистичка значајност (level of significance) и за степен на поврзаност (measure of association).

Во зависност од типот на варијаблите, спроведувани се следните тестови:

Вид на тест	Варијабла	Мерка
Статистичка значајност	влијание на пол, возраст, етничка	X^2 (Chi Square), p-

	припадност, степен на образование, вид на населено место	value се означува со (p)
Мера на поврзаност	сооднос: пол со резултат во форма на Ликертова скала	Cramer's V
	сооднос: етничка припадност со резултат во форма на Ликертова скала	Cramer's V
	сооднос: место на живеење со резултат во форма на Ликертова скала	Cramer's V
	сооднос: возраст со резултат во форма на Ликертова скала	Spearman's rho (и по потреба и Kendall's tau-b)
	сооднос: пол, етничка припадност, вид на населено место со резултат во биномиална форма	Cramer's V

Понатаму, за мал дел од анализите кои користат просечни оценки, се употребува анализа на просек (mean), стандардна девијација, и по потреба се прави T-тест (за анализа на два просека) и/или Man-Whitman's U тест (во случај да не е исполнета претпоставката за нормална дистрибуција на зависната варијабла за сите нивоа на независната варијабла).

Техничките податоци за овие анализи, по потреба, се прикажуваат во загради кон главниот текст, со цел главниот текст да биде попристапен за читателот кој не е запознаен со овие статистички концепти.

Познавање на овие статистички концепти не е потребно за да се прегледа анализата. Текстот ги користи термините: резултатот е (или не е) статистички значаен (што значи дека има докази за поврзаност помеѓу две варијабли) и постои слаба, умерена или силна поврзаност помеѓу две варијабли или пак не постои поврзаност.

Chi Square помал од 0.05 значи дека резултатот е статистички значаен, односно дека има докази за корелација помеѓу независната и зависната варијабла. Притоа се напоменува дека корелацијата не значи воедно каузална поврзаност. Со намалување на Chi Square, на пр. помал од 0.01 или помал од 0.001, се зголемува нивото на докази за корелацијата. Chi Square од 0.01 значи дека има само 1% шанса резултатот да е случаен итн.

Cramer's V, Spearman's rho и Kendall's tau-b ја означуваат силината на корелацијата (врската) помеѓу независната и зависната варијабла. Коефициент помал од 0.2 генерално означува слаба поврзаност; помеѓу 0.2 и 0.3 означува средна јачина на врската; над 0.3 означува силна поврзаност.

2. Дел 1. Резултати од анкета 2025


2.1. Пристап до правда

Мнозинството од граѓаните во Северна Македонија не веруваат дека може да се добие правда во системот на институции во државата (Таб/граф 1.). Во одговор на ова прашање скоро 1/4 од граѓаните (23.7%) сметаат дека правда не може никогаш да се добие, и дополнителни 1/3 (33.1%) сметаат дека правда може да се добие само по исклучок, односно многу ретко. Извонредно мал процент, 3.9% сметаат дека правда може да се добие по правило, односно во најголем број на случаи. Заклучокот е недвосмислен. Мнозинството од граѓаните не веруваат дека можат да добијат правда во Северна Македонија.

Анекс 1 кон овој извештај ги содржи табелите и графите (Таб/граф 23-27) кои ги претставуваат одговорите на ова прашање во зависност од неколку основни предиктори, како што се место на живеење, етничка припадност, образование, возраст, и пол. Споредбите по етничка припадност, возраст, и приход на домаќинството се статистички значајни (p=0.001 или помалку) но силината на корелацијата е генерално слаба (Cramer's V=0.123 по етничка припадност, 0.109 по приход. Споредбите по пол, возраст, и степен на образование не се статистички значајни. Заклучокот е дека нема особена разлика во перцепцијата на овие категории на граѓани по однос на прашањето за можноста да се добие правда во Северна Македонија.

Таб/граф 1. На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	209	20.6	23.7	23.7
	многу ретко	292	28.8	33.1	56.9
	понекогаш	232	22.9	26.3	83.2
	генерално може, но не секогаш	114	11.2	12.9	96.1
	во најголем број на случаи може	34	3.4	3.9	100.0
	Вкупно	881	86.9	100.0	
	не знам	11	1.1		
Ндс.	но	122	12.0		
	Вкупно	133	13.1		
Вкупно		1014	100.0		




2.2. Постапување на институции

Перцепциите на граѓаните се слични и во врска со поврзаното прашање: Колку институциите (судови, инспекторати, управни органи) постапуваат независно и непристрасно? (Таб/граф 2 подолу). Околу 1/5 од граѓаните (21.6%) сметаат дека институциите **никогаш** не постапуваат независно и непристрасно, а дополнителни 32.7% (околу 1/3) сметаат дека тоа може да се случи само по исклучок, односно **многу ретко**. Уште 1/3 од граѓаните (29.6%) велат дека тоа е можно понекогаш, и уште 13.3% од граѓаните сметаат "генерално да, но не секогаш". Само 2.7% сметаат дека институциите постапуваат непристрасно во најголем број на случаи.

Дополнителните резултати, споредени по основните независни варијабли се претставени во Таб/граф. 29-34 во Анекс 1. Статистичките тестови на значајност и поврзаност покажуваат сосема мала корелација по основ на возраст ($p<0.001$, Spearman rho= -0.130). Негативната корелација значи дека недовербата се зголемува со возраста, односно дека младите луѓе (18-29 год.) се генерално по склони да веруваат дека институциите постапуваат независно. Заклучокот е интересен и заслужува размислување. Сепак треба да се потенцира дека станува збор за многу слаба поврзаност. Перцепцијата дека институциите не постапуваат објективно е заедничка за сите граѓани. Дополнителните споредби по пол, етничка припадност, итн. не се воопшто статистички значајни.

Таб/граф 2. На скала од 1 до 5, колку сметате дека институциите (судови, инспекторати, управни органи) постапуваат независно и непристрасно?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	214	21.1	21.6	21.6
	многу ретко	324	32.0	32.7	54.3
	понекогаш	293	28.9	29.6	83.9
	генерално да но не секогаш	132	13.0	13.3	97.3
	во најголем број на случаи	27	2.7	2.7	100.0
	Вкупно	990	97.6	100.0	
	не знам	23	2.3		
Ндс.	но	1	.1		
	Вкупно	24	2.4		
Вкупно		1014	100.0		



2.3. Помош од страна на службениците во институциите

Скоро половина од граѓаните сметаат дека службениците во институциите не им помагаат никогаш (19%) или им помагаат многу ретко (26.7%). Околу 1/3 од граѓаните (34.2%) сметаат дека понекогаш можат да добијат помош од службениците; 14.4% дека генерално можат да добијат помош, и само 5.8% дека можат да добијат помош во најголемиот број на случаи.


Дополнителните резултати, споредени по клучните независни варијабли се претставени во Таб/граф. 35-40, во Анекс 1. Статистичките анализи покажуваат значајност по основ на возраст ($p=0.001$) и на приход на домаќинството ($p<0.001$). Значајноста е извонредно силна. Меѓутоа корелацијата е слаба и во двата случаи што значи дека возраста (Spearman rho=-.0106) и приходот (Spearman rho=0.105) сосема малку влијаат на оваа перцепција на граѓаните.

Во споредбата со возраст корелацијата е негативна, што значи дека младите луѓе се повеќе склони да сметаат дека службениците им помагаат. Во споредбата со приход е обратно, склоноста да се смета дека службениците помагаат расте како што расте приходот. Тоа всушност значи дека најсиромашните се најсклони да сметаат дека не добиваат помош од службениците. Повторно, битно е да се напомене дека

корелацијата е слаба, што значи дека влијанието на овој фактор (приход на домаќинството) не е многу силно.

Таб/граф 3. На скала од 1 до 5 колку сметате дека службениците во институциите доволно ви помагаат и ве информираат за вашите права и постапките?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	188	18.5	19.0	19.0
	многу ретко	264	26.0	26.7	45.7
	понекогаш	338	33.3	34.2	79.9
	генерално да но не секогаш	142	14.0	14.4	94.2
	во најголем број на случаи	57	5.6	5.8	100.0
	Вкупно	989	97.5	100.0	
	не знам	14	1.4		
Ндс.	но	11	1.1		
	Вкупно	25	2.5		
Вкупно		1014	100.0		



2.4. Искуство со правен проблем

Следниот сет од прашања во анкетата се однесува на директното искуство со одреден правен проблем во референтен период (3 години). Целосниот текст на прашањето гласи:
Дали во последните 3 години сте имале одреден правен проблем на пример во граѓанско (имот, наследство, итн.), кривично, административно (социјална заштита итн.) право, или слично?

Прашањето е скратено во процесот на анализа од причини на форматирање. Резултатите се претставени во Таб/граф 4 подолу. Вкупно 6.8% од граѓаните рекле дека имале одреден правен проблем во изминатите 3 години.


Следното прашање, кое се однесува само на испитаниците кои одговориле потврдно на прашањето за имање на правен проблем е: Дали побаравте правна помош во врска со овој правен проблем? (Таб/граф 5 подолу).

Околу ¼ од испитаниците (23.5%) рекле дека се обратиле до институција, 44.1% рекле дека се обратиле до адвокат, 22.1% не побарале помош, и сосема мал дел (4.4%) рекле дека се обратиле до пријател.

Следното прашање од оваа група гласи: Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи? (Таб/граф 6 подолу). Прашањето им е поставено на сите 1.014 испитаници. Околу 1/3 од граѓаните (30.9%) рекле дека некогаш се откажале од барањето правда затоа што постапките им биле предолги или прескапи. Одговорот е спореден по варијаблата приход на домаќинството, меѓутоа нема статистички значајна корелација.


Таб/граф 4. Дали во последните 3 години сте имале одреден правен проблем?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да	68	6.7	6.8	6.8
	не	937	92.4	93.2	100.0
	Вкупно	1005	99.1	100.0	
	не знам	5	.5		
Ндс.	но	4	.4		
	Вкупно	9	.9		
Вкупно		1014	100.0		




Таб/граф 5. Дали побаравте правна помош во врска со овој правен проблем?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да, се обратив до надлежна институција	16	1.6	23.5	23.5
	да, со обратив од здружение на граѓаани за правна помош	1	.1	1.5	25.0
	да, се обратив до адвокат	30	3.0	44.1	69.1
	да, се обратив кај пријател правник	3	.3	4.4	73.5
	не, не побарав помош	15	1.5	22.1	95.6
	друго	3	.3	4.4	100.0
	Вкупно	68	6.7	100.0	
Ндс.	Систем	946	93.3		
Вкупно		1014	100.0		



Таб/граф 6. Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи?


		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да	307	30.3	30.9	30.9
	не	358	35.3	36.0	66.9
	немам искуство	329	32.4	33.1	100.0
	Вкупно	994	98.0	100.0	
	не знам	4	.4		
Ндс.	но	16	1.6		
	Вкупно	20	2.0		
Вкупно		1014	100.0		



Таб/граф 7. Месечен приход на домаќинството * Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи?

% по Месечен приход на домаќинството

		Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи?			Вкупно
		да	не	немам искуство	
Месечен приход на домаќинството	<400 евра	37.5%	27.9%	34.6%	100.0%
	401-1000 евра	31.3%	31.3%	37.5%	100.0%
	1001-2000 евра	32.3%	30.3%	37.4%	100.0%
	2000+ евра	32.4%	37.8%	29.7%	100.0%
	но	25.6%	53.8%	20.6%	100.0%
Вкупно		30.9%	36.0%	33.1%	100.0%




2.5. Пристап до правда по категории на граѓани

Анкетниот прашалник го разложи прашањето за можноста на граѓаните да добијат правда, по групи на граѓани (Таб/граф 8). Конкретно испитаниците беа прашани колку сметаат дека одредени категории на граѓани можат да добијат правда. Категориите се: жени, деца, Роми, лица со различна сексуална ориентација, лица со попреченост и корисници на социјална помош и лица со ниски примања. Очигледно е дека граѓаните сметаат дека најмалку до правда можат да дојдат сиромашните (просечна оценка 2.67).

Таб/граф 8. Пристап до правда во Северна Македонија

	Просек	Стд.дев
На скала од 1 до 5 колку можат жените да добијат правда во Северна Македонија?	3,08	1.23
На скала од 1 до 5 колку можат децата да добијат правда во Северна Македонија?	2,99	1.22
На скала од 1 до 5 колку можат Ромите да добијат правда во Северна Македонија?	2,98	1.37
На скала од 1 до 5 колку можат лицата со различна сексуална ориентација да добијат правда во Северна Македонија?	2,94	1.28
На скала од 1 до 5 колку можат лицата со попреченост да добијат правда во Северна Македонија?	2,73	1.28
На скала од 1 до 5 колку можат лица корисници на социјална помош и лица со ниски примања да добијат правда во Северна Македонија?	2,67	1.25

Стд..дев=стандардна девијација



2.6. Перцепција за дискриминација

Следната група на прашања се бави со проблемот на дискриминацијата во Северна Македонија. Мнозинството од граѓаните во државата сметаат дека дискриминацијата е присутна (30.3%) или многу присутна (27.5%) (Таб/граф 9 подолу) . На спротивниот дел од скалата, сосема мал дел сметаат дека дискриминацијата не е присутна (11.5%) или воопшто не е присутна (4.1%).

Одговорите се дополнително разложени по клучните предиктори и претставени во Таб/граф. 47-52 во Анекс 1. Дополнителната статистика анализа не покажа статистички битни корелации. Некои разлики се воочливи, меѓутоа не се статистички релевантни.

Следната Таб/граф. 10 ги претставува ставовите на граѓаните околу тоа коа се главните причини за дискриминација во државата. Категориите се предефинирани во прашалникот и испитаниците беа прашани да ја оценуваат секоја на скала од 1-5. Политичката припадност е на врвот со просечна оценка до 3.76. По неа следи етничката припадност со 3.27, а потоа полот и верската припадност.

Интересно е тоа што граѓаните сметаат дека сексуалната ориентација е во помала мера причина за дискриминација (3.02), сосема малку повеќе од возраста со 2.98. Ова може да се толкува како индикатор за “затвореноста“, односно неприемчивоста кон ова прашање. Високата согласност дека политичката припадност е фактор на дискриминација се толкува од аспект на секојдневното искуство на просечниот граѓанин.

Секако ова не може да се толкува на ист начин како за другите ранливи групи во општеството, кои се во

постојана, трајна состојба на нееднаков третман. Јасно е дека испитаниците мислат на политичка дискриминација на таа група која што не е во позиција на власт.

Во Северна Македонија нема категорија на граѓани кои се во постојана опозиција и би биле континуирано предмет на дискриминација по основ на политичка припадност.


Генерално, граѓаните малку ги познаваат механизмите за заштита од дискриминација (Таб/граф. 11). Само околу ¼ рекле дека ги познаваат (18.9%) или дека одлично ги познаваат (6.5%). Останатите рекле дека воопшто не ги познаваат (11.9%), не ги познаваат (30.9%) или сосема малку ги познаваат (31.8%).

Општиот заклучок е дека просечниот граѓанин во Северна Македонија многу малку ги познава механизмите за заштита од дискриминација.

Последното прашање од оваа група се однесува на личното искуство со дискриминацијата (Таб/граф. 12). Вкупно 13.3% од граѓаните рекле дека им се случила дискриминација во изминатите 3 години.


Таб/граф 9. На скала од 1-5 колку сметате дека дискриминацијата е присутна во нашето општество?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	воопшто не е присутна	40	3.9	4.1	4.1
	не е присутна	111	10.9	11.5	15.6
	сосема малку е присутна	258	25.4	26.6	42.2
	присутна е	294	29.0	30.3	72.5
	многу е присутна	266	26.2	27.5	100.0
	Вкупно	969	95.6	100.0	
	не знам	39	3.8		
Ндс.	но	6	.6		
	Вкупно	45	4.4		
Вкупно		1014	100.0		




Таб/граф 10. Причини за дискриминација

	Просек	Ст.дев.
На скала од 1 до 5 колку е политичката припадност причина за дискриминација?	3,76	1,20
На скала од 1 до 5 колку е етничката припадност причина за дискриминација?	3,27	1,33
На скала од 1 до 5 колку е полот причина за дискриминација?	3,17	1,30
На скала од 1 до 5 колку е верската припадност причина за дискриминација?	3,17	1,36
На скала од 1 до 5 колку е попреченоста причина за дискриминација?	3,13	1,25
На скала од 1 до 5 колку е сексуалната ориентација причина за дискриминација?	3,02	1,33
На скала од 1 до 5 колку е личниот и семеен статус причина за дискриминација?	2,99	1,26
На скала од 1 до 5 колку е возраста причина за дискриминација?	2,98	1,24




Таб/граф 11. На скала од 1 до 5 колку мислите дека ги познавате механизмите за заштита од дискриминација?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	воопшто не	119	11.7	11.9	11.9
	не ги познавам	308	30.4	30.9	42.8
	сосема малку	317	31.3	31.8	74.5
	ги познавам	189	18.6	18.9	93.5
	одлично ги познавам	65	6.4	6.5	100.0
	Вкупно	998	98.4	100.0	
	не знам	7	.7		
Ндс.	но	9	.9		
	Вкупно	16	1.6		
Вкупно		1014	100.0		



Таб/граф 12. Дали ви се случила дискриминација во изминатите 3 години?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да	118	11.6	13.3	13.3
	не	770	75.9	86.7	100.0
	Вкупно	888	87.6	100.0	
	не знам	118	11.6		
Ндс.	Систем	8	.8		
	Вкупно	126	12.4		
Вкупно		1014	100.0		



3. ДЕЛ 2. Споредба на анкетни резултати 2022 – 2025

Вториот дел од извештајот ги споредува клучните резултати од анкетата во 2022 со таа спроведената есента 2025. Таб/граф. 13 подолу ги споредува одговорите на прашањето*: На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?* Очигледно е дека нема никаква разлика во одговорите на граѓаните во 2022 и 2025. Малите разлики во проценти не се воопшто статистички значајни. Стабилна ¼ од граѓаните смета дека добивањето на правда во Северна Македонија е невозможно. Само еден мал процент од околу 3.7-3.9% смета дека добивањето на правда е правило, односно дека е возможно во најголем дел од случаите. Заклучокот е недвосмислен. Мнозинството од граѓаните смета дека добивањето на правда во Северна Македонија е невозможно или е возможно само по исклучок. Со други зборови, огромното мнозинство од граѓаните изразува силна недоверба кон институциите на државата.

Таб/граф. 14 подолу ги споредуваат одговорите на прашањето: *На скала од 1 до 5 колку сметате дека дискриминацијата е присутна во нашето општество?*
Кај оваа варијабла се видливи одредени мали промени од 2022 до 2025. Процентот на граѓани кои сметаат дека дискриминацијата воопшто не е присутна (од 2.6% на 4.1%) или не е присутна (од 6.2% на 11.5%) пораснал од 8.8% на 15.6%. Слична промена е видлива и на десниот крај на скалата каде што процентот на граѓани кои сметаат дека е многу присутна опаднал од 35.4% во 2022 на 27.5% во 2025. Заклучокот е дека граѓаните во 2025 се повеќе склони да сметаат дека во македонското општество може да се добие еднаков третман. Сепак оваа промена треба да се толкува во контекст на вкупната слика, кае што скоро 2/3 од граѓаните сметаат дека дискриминацијата е присутна или многу присутна. Иако трендот е надолен (врз основа на само 2 мерни точки, 2022 и 2025) мнозинството од граѓаните смета дека македонското општество е дискриминирачко.

Таб/граф. 15 подолу ги прикажуваат одговорите на граѓаните на прашањето за лично искуство со правен проблем во последните 3 години. Бројката е намалена но мора да се толкува во контекст на присутната маргина на грешка. Не може да се очекува надолна линија во континуитет на долг рок.

Следните неколку табели и графикони ги расчленуваат резултатите од општото прашање за пристап до правда по категории на граѓани. Таб/граф. 16 ги покажуваат одговорите на прашањето: Колку можат жените да добијат правда? Тоа што е очигледно е стабилноста на резултатите од 2022 до 2025.

Истото важи и за следното прашање: Колку можат Ромите да добијат правда? (Таб/граф. 17). Разликите од 2022 до 2025 се незначителни. Заклучокот е дека јавното мислење по овие прашања е стабилно.

Таб/граф. 18 ги претставуваат одговорите на прашањето: Колку можат лицата со различна сексуална ориентација да добијат правда? Очигледна е мала промена на долниот крај од скалата, со тоа што процентот на граѓаните кои велат никогаш се намалил од 24.5% на 17.4%, како и на горниот крај со процентот на граѓани кои велат "генерално може..." зголемен од 13.4% на 24.7%. Сепак битно е да се потсети дека станува збор за само 2 почетни точки на мерење и дека се потребни барем уште 4-5 мерења за да се оцрта тренд.

Следните неколку прашања за однесуваат на перцепциите за причините за дискриминација. Испитаниците ги даваат своите ставови за тоа колку сметаат дека одредени заштитени основи (пол, етничка, верска припадност итн.) се застапени како основи за дискриминација.

Таб/граф. 19 ги претставува споредбените (2022-2025) одговори на прашањето: На скала од 1 до 5, колку е полот причина за дискриминација? На долниот дек на скала, процентот на граѓаните кои велат дека полот воопшто не е (од 19.8% на 15%) или не е (од 20.8% на 13.2%) причина за дискриминација опаднал од околу 40% на 28%. Водено на горниот крај на скалата процентот на граѓаните кои велат дека е честа причина (од 17.7% на 21.5%) или најчеста причина (од 11.9% на 19.4%) пораснал од околу 30% на околу 40%. Заклучокот е дека има пораст во перцепцијата за полот како причина за дискриминацијата во Северна Македонија.


Следната Таб/граф. 20 се однесува на етничката припадност како причина за дискриминација. Очигледни се некои мали промени од 2022 до 2025, меѓутоа не се значајни. Заклучокот е дека мислењето за етничката припадност како основ за дискриминација е стабилно. Околу 44-45% од граѓаните сметаат дека етничката припадност е честа или најчеста причина за дискриминација. Слична е состојбата и со верската припадност како причина за дискриминација (Таб/граф. 21). Има сосема мали разлики во периодот 2022 – 2025. Околу 35-40% од граѓаните сметаат дека верската припадност е честа или најчеста причина за дискриминација.

Последното прашање (Таб/граф. 22) ги претставува одговорите на прашањето: На скала од 1 до 5 колку мислите дека ги познавате механизмите за заштита од дискриминација? Околу 37-40% од граѓаните признаваат дека воопшто не ги познаваат или не ги познаваат механизмите за заштита од дискриминација. Помалку од 10% (8.5% во 2022 и 6.5 во 2025) сметаат дека одлично ги познаваат. Заклучокот е дека општото знаење за механизмите за заштита од дискриминација е релативно ниско и дека нема некоја особена промена во периодот 2022-2025.

Таб/граф 13. 2022 - 2025 * На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?

% по 2022 - 2025


		2022 - 2025		Вкупно
		2022	2025	
На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?	никогаш	25.0%	23.7%	24.4%
	понекогаш	31.6%	33.1%	32.3%
	многу ретко	28.3%	26.3%	27.4%
	генерално може, но не секогаш	11.5%	12.9%	12.1%
	во најголем број од случаите	3.7%	3.9%	3.8%
Вкупно		100.0%	100.0%	100.0%



Таб/граф 14. 2022-2025 * На скала од 1 до 5 колку сметате дека дискриминацијата е присутна во нашето општество?

% по 2022-2025


		2022-2025		Вкупно
		2022	2025	
На скала од 1 до 5 колку сметате дека дискриминацијата е присутна во нашето општество?	воопшто не е присутна	2.6%	4.1%	3.4%
	не е присутна	6.2%	11.5%	8.8%
	сосема малку е присутна	28.1%	26.6%	27.4%
	присутна е	27.6%	30.3%	28.9%
	многу е присутна	35.4%	27.5%	31.5%
Вкупно		100.0%	100.0%	100.0%



Таб/граф 15. 2022-2025 * Дали во последните 3 години сте имале одреден правен проблем?

% по 2022-2025


		Дали во последните 3 години сте имале одреден правен проблем?		Вкупно
		да	не	
2022-2025	2022	14.3%	85.7%	100.0%
	2025	6.8%	93.2%	100.0%
Вкупно		10.6%	89.4%	100.0%



Таб/граф 16. 2022-2025 * Колку можат жените да добијат правда?

% по 2022-2025


		2022-2025		Вкупно
		2022	2025	
Колку можат жените да добијат правда?	никогаш	14.4%	12.2%	13.3%
	понекогаш	22.0%	19.1%	20.6%
	многу ретко	32.9%	33.1%	33.0%
	генерално може, но не секогаш	18.0%	19.6%	18.7%
	во најголем број од случаите	12.8%	16.0%	14.3%
Вкупно		100.0%	100.0%	100.0%



Таб/граф 17. 2022-2025 * Колку можат Ромите да добијат правда?

% по 2022-2025


		2022-2025		Вкупно
		2022	2025	
Колку можат Ромите да добијат правда?	никогаш	19.4%	17.4%	18.4%
	понекогаш	23.7%	22.5%	23.1%
	многу ретко	26.7%	25.0%	25.9%
	генерално може, но не секогаш	14.8%	15.4%	15.1%
	во најголем број од случаите	15.3%	19.8%	17.5%
Вкупно		100.0%	100.0%	100.0%



Таб/граф 18. 2022-2025 * Колку можат лицата со различна сексуална ориентација да добијат правда?

% по 2022-2025


		2022-2025		Вкупно
		2022	2025	
Колку можат лицата со различна сексуална ориентација да добијат правда?	никогаш	24.5%	17.4%	20.9%
	понекогаш	27.1%	20.7%	23.8%
	многу ретко	24.9%	24.8%	24.8%
	генерално може, но не секогаш	13.4%	24.7%	19.2%
	во најголем број од случаите	10.1%	12.5%	11.3%
Вкупно		100.0%	100.0%	100.0%



Таб/граф 19. 2022-2025 * На скала од 1 до 5, колку е полот причина за дискриминација?

% по 2022-2025


		2022-2025		Вкупно
		2022	2025	
На скала од 1 до 5, колку е полот причина за дискриминација?	воопшто не е причина за дискриминација	19.8%	15.0%	17.4%
	не е причина за дискриминација	20.8%	13.2%	17.1%
	сосема малку е причина за дискриминација	29.9%	30.9%	30.4%
	е честа причина за дискриминација	17.7%	21.5%	19.6%
